

„Во изминатиот период имаше значајни измени во законската регулатива, кои наметнаа потреба за промени и во начинот на работење на Агенцијата. Планот за обуки како дел од Проектот помогна да можеме побрзо да се прилагодиме на овие промени, но и за подобрување на знаењата и вештините на вработените, што се неопходни во секојдневната работа.„

*Весна Пешова, раководител на секторот за човечки ресурси, правни и персонално – административни работи*



„Значајни чекори се направија во работата со невработените лица, а професионалната ориентација и кариерното советување се едни од нив. Обуките во врска со оваа тема, советувањето и како и изработката на индивидуалните планови за вработување направија да сме поблиску до невработените лица и да се разберат подобро нивните потреби, желби и интереси.„

*Павлина Костовска - Грујоска, советник – координатор на оддел за услуги за поддршка за вработување*



Operational Programme Human Resources Development 2007-2013

# FURTHER MODERNISATION OF THE EMPLOYMENT SERVICE AGENCY

# ПОНАТАМОШНА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

EuropeAid/129895/D/SER/MK

## ОБУКИ

Програма за обука е дизајнирана земајќи ја во предвид подготовката на вработените во Агенцијата да се справи со промените идентификувани во процесот на модернизација. Вкупно 647 вработени учествуваа во обуки, меѓу кои 370 жени (57,19%). Курсевите за обука и модулите опфаќаа 38 групи. Од вкупниот број на учесници, 642 учесници, успешно ја завршија обуката и добија сертификати (99,23%).

| Обука | Модули | Посетители | Времетраење | Учесници |
|---|---|---|---|---|
| ОБУКА ЗА СОВЕТУВАЊЕ | Профилирање, советување и индивидуални планови за вработување | Советници за вработување; и Сектор за АПМПТ | 3 дена | 102 |
| | Професионална ориентација и советување при вработување | Советници за вработување; и | 2 дена | 102 |
| | Комуникација ориентирана кон клиентите | Сектор за АПМПТ | 1 ден | 122 |
| ОПШТО УПРАВУВАЊЕ | Општи вештини за управување | Раководители на секторите на АВ и на ЦВ | 3 дена | 46 |
| МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА НА ЦВ | (покриени 4 теми) | Раководителите на ЦВ, Секторот за АМПТ | 2 дена | 37 |
| РАБОТА СО РАБОТОДАВАЧИ | Соработка со работодавачите<br>Посредување при вработување | Вработените во ЦВ што работат со работодавачите и Сектор за АПМПТ | 1 ден | 34 |
| | Комуникација ориентирана кон клиентите | | 1 ден | 34 |
| ОБУКА ЗА РАБОТА СО EXCEL | Креирање на Excel работна книга и работен лист | АВ/ЦВ вработени | 20 часа | 42 |
| ПОЗНАВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ КАЗИК | Курс за напредно познавање на англиски јазик | Раководители и вработени од Централна служба | 70 часа | 14 |
| КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИ ОД ПАЗАРОТ НА ТРУД ЗА ПОДОБРО РАБОТЕЊЕ НА ЦВ | Податоци и информации за понудата и побарувачката на пазарот на труд – активности на АВ/ЦВ | Раководителите на ЦВ<br>Секторот за АМПТ | 1 ден | 33 |
| | Планирање, известување и следење на работењето | Сектор за истражување и анализа на пазарот на труд | 1 ден | 33 |
| | Алатки за процена | Психолози | 2 дена | 12 |
| ВЕШТИНИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА | Напредни вештини за професионална ориентација | Стручни лица за професионална ориентација | 2 дена | 36 |
| ВКУПНО | | | | 647 |











„Индивидуалниот план за вработување е мошне значан документ во кој се содржани планираните активности насочени кон вработување на невработените лица. Со оглед на важноста на овој документ, обуките што беа реализирани во рамките на Проектот, беа мошне корисни за доследна реализација на оваа активност.‶

*Дениза Деар, соработник во центар за вработување на Град Скопје, учесник во обуките за советување за вработување*

„Модернизацијата во функционирањето на Агенцијата за вработување овозможува доближување и унапредување на нашите услуги до невработените лица и работодавачите. Сите активности спроведени во рамките на Проектот беа во насока на остварување понепосреден пристап во работата со клиентите и подигање на степенот на вработливост кај невработените како и навремено и квалитетно регрутирање на соодветен и компетентен кадар за работодавачите . Правовремено и насочено имплементирање на активните политики за одржливи и долгорочни вработувања.‶

*Горан Јовановски, раководител на секторот за активни политики и мерки за вработување*

## ПОГЛЕД КОН ИНДИНАТА

Идната одржливост во процесот на модернизација на Агенцијата мора да се заснова на трајна определба на целата организација како и во континуирано и мониторирано спроведување на ПУОП и на секој од неговите компоненти. За таа цел посебно внимание треба да се посвети на следниве прашања:

Подобрување на информациите насочени кон работодавачите и промовирање на Агенцијата како обезбедувач на квалитетни услуги кои може да им помогне во процесот на регрутирање. Дополнителни напори треба да се направат за да се промени и подобри перцепцијата на работодавачите и да се изгради доверба со компаниите;

Подобрување при обезбедување на информации за невработените лица во врска со нивните права и должности во согласност со нивните потреби кои произлегуваат од нивната социјална, економска и образовна основа, психо-физичка состојба и со тоа да се обезбеди целосно почитување на еднаквоста на половите и потребите на различните етнички малцинствата;

Зајакнување активациската политика и во тој поглед особено активни услуги за посредување со цел да се придонесе за зголемување на вработеноста и намалување на невработеноста;

Подобрување на условите за испорачување услуги на кариерно насочување, имено преку: распределба на повеќе ресурси за главната целна група (т.е. невработените); развивање на насоки за кариерата што вклучуваат помалку напор (на пр. информативни материјали и електронски алатки за само-помош за развој на кариерата) кои можат да се понудат на студентите и обезбедување еднаков пристап до услуги за насочување на кариерата кон клиентите низ целата земја;

Подобрување на мониторинг услугите и мерките кои Агенцијата ги обезбедува кон своите клиенти преку воспоставување на механизми кои ќе обезбедат навремено откривање на слабостите во спроведувањето и пренесување на наодите во корективни мерки кои ќе доведат до подобрување на услугите и мерките;

Подобрување на однесувањето на вработените и промена на начинот на кој се занимаваат со компании и невработени лица. Важно е да се подобри мотивацијата на вработените во решавање на проблемите на клиентите

Подобрување на планирањето и поставување на цели во склоп на главните услуги и мерки, вклучувајќи го и нивото на локалните единици, и ореку тоа применување на пристапот за управување-според-цел.

- Континуирано подобрување на внатрешната комуникација и управување со знаењето.



**Почитувани Вработени во ценраланата служба и сите центри за вработување,**

Во текот на последните 21 месеци нашиот Проектен тим е длабоко вклучен во спроведувањето на нашиот проект "Понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување". Од самиот почетокот рековме дека главниот фокус на овој проект треба да биде во наоѓање на она што треба да се направи за да се подобри квалитетот на услугите кои ги нуди кон невработените и работодавачите како главни клиенти.

Нашиот проектен тим, вклучувајќи 22 експерти го направи најголемиот напор за да ги произведе резултатите предвидени со проектот. Нашата работа и добиените резултати беа возможни како резултат на големата посветеност на сите од вас кои навистина соработуваа како членови на неколку работни групи. Оваа голема инволвираност на вработените во Агенцијата ни дава надеж и доверба дека резултатите од проектот ќе се користат и за понатамошно подобрување во иднина.

Со знаењето стекнато во врска со условите за работа во Агенцијата - добиени од Функционалните анализи, од анализите за потреби за обука, од оценувањата на физичките и ИТ услови и истражувањето за задоволството на клиентите и вработените беше возможно да се развие еден проект за управување со промени како и опсежна програма за обука која мислиме дека ги обработи главните прашања за да се одржи процесот на модернизација. Предлозите за подобрување на физичките услови на ЦВ, како и обновување на ИТ опремата се направени и резултатите се очекува да излезат наскоро, повторно со финансиска поддршка на Европската Унија.

Ние целосно веруваме дека чекор нанапред е направен со нашиот проект и дека се поставени темели за нови работи кои допрва ќе се надградат. Услов за тоа секако е вашата вклученост во врска со која немаме причина да бидеме загрижени.

Дозволете ми, во оваа прилика, во име на нашите проектниот тим и на нашиот Конзорциум, предводен од Archidata, да ви се заблагодарам многу за Вашата соработка и да ви посакам, на сите вас, најдобар успех во вашиот професионален и личен живот.

*Александре Роса, тим лидер на проектот*

## СО МОДЕРНИЗАЦИЈА РАБОТИМЕ ЗА ПОДОБРИ УСЛУГИ!

Почеток на проектот: 09.01.2012

Крај на проектот: 08.10.2013

Главната цел-да се подобри квалитетот, ефикасноста и ефективноста на услугите обезбедени за лицата кои бараат работа и работодавачите од страна на Агенцијата за вработување со цел да се намали невработеноста како и спречување на вработените да станат невработени.









Оваа публикација е изготвена со поддршка на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Archidata SRL и на козорциумот партнери и на никој начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија. Договорна страна: Министерство за финансии — Сектор за централно финансирање и склучување договори.

Главен корисник Проектот е имплементиран од

Адреса: ул. Народен фронт 5/1-12 1000 Скопје
тел./факс.: +389 (0) 2 3256 415;
fmesa@archidata.it

Проектот е финансиран од Европската Унија

Проектот е имплементиран од